| SPARKASSE Bank | **СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ** | **Бр.**<br>**Датум:**<br>**Стр.** 1/3 |
|---|---|---|

**М И С Л Е Њ Е**
**за Извештајот на друштвото за ревизија**
**ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО - Скопје**

Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје во текот на месец јануари 2018 година изврши ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година, кои што вклучуваат Единечен биланс на успех, Единечен Извештај за сеопфатна добивка, Единечен биланс на состојба, Единечен Извештај за промени во капиталот и Единечен Извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Ревизијата на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија ревизорите согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на единечните финансиски извештаи што завршува со 31 декември 2018 година Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври и ноември 2018 година, додека главната ревизија се изврши во 2019 (јануари и март).

Менаџментот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на единечните финансиски извештаи во согласност со законските регулативи во Република Северна Македонија.

Со задоволство го прифаќаме Извештајот на независниот ревизор на Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје според кое единечните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално и објективно финансиската состојба на Банката на 31 Декември 2018 година, и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков

ПРЕДЛОГ

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година**

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година.
2. Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи претставува прилог и составен дел на Одлуката.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач